РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02-10.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6505 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *ликовно образование* за I одделение за деветгодишно основно образование за учениците со мултихендикеп.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
МУЛТИХЕНДИКЕП

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2008

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## I ОДДЕЛЕНИЕ

# 1. ВОВЕД

Предметот *ликовно образование* претставува составен дел од концептот за деветгодишно основно образование за учениците со мултихендикеп. Се изучува како задолжителен предмет од I до IX одделение, со вкупен фонд од 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

Предметот ликовно образование за учениците со мултихендикеп, во најширока смисла, претставува можност за поттикнување и развивање на психомоторниот, емоционалниот и социјалниот развој. Преку програмските подрачја од предметот, кои корелираат со скоро сите наставни предмети на учениците им се нуди уште една можност за создавање вистинска врска со реалноста и основа за комуникација, кои кај оваа категорија ученици е недоградена или воопшто не постои.

Во рамките на наставниот предмет учениците имаат можност да се запознаат и да ја изградат својата претстава за приборот за пишување и на психомоторно и графомоторно ниво да создадат основа за натамошно надградување и развивање на вештината за пишување.

Преку програмските содржини откриваат уште еден многу индивидуален и автентичен начин за изразување на своите претстави, чувства, потреби, знаења и вештини, развивајќи ја својата креативност и нагон за комуникација со реалната средина, преку манипулацијата со различните бои и нијански, тактилната дразба од материјалите и текстурите, и тридимензионамноста на моделираните изработки.

Сите овие знаења кои ги предвидува наставата по предметот *ликовно образование* за учениците со мултихендикеп треба да ги усвојат по пат на непосреден контакт со наставникот, индивидуален и групен пристап и првично, врз основа на дефектолошкиот психомоторен пристап, кој се базира на постулатите на играта, забавата (најблискиот отворен пристап од страна на ученикот).

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да ги развива емоционалните и интелектуалните способности;
- да го развива творечкиот интерес;
- да формира естетски навики;
- да го негува ликовниот израз;
- да ја развива способноста за различни доживувања;
- да развива навики за ликовно набљудување и способности за ликовно изразување;
- да развива чувство за основните ликовни елементи;
- да се воведува во опсервација на визуелната реалност;
- да развива интерес, фантазија и детска креативност за ликовно изразување;
- да развива способност за изразување на своите доживувања преку ликовниот јазик;
- да развива визуелна и тактилна перцепција;
- да го развива интелектуалниот и емоционалниот живот;
- да развива вештини за примена на основните материјали и техники за цртање, сликање, моделирање и градење во ликовното изразување во сообразност со своите психофизички способности и реални можности;
- да го открива и запознава ликовниот јазик- ликовните елементи: линија, боја, форма и нивната употреба во ликовното творештво;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештвото;
- да развива графомоторни способности и координација око-рака;
- да се оспособува да набљудува и споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предметите и појавите;
- да ги применува стекнатите ликовни вештини;
- да се ослободува од стрес, емоционална напнатост преку ликовното изразување;
- да развива културно-хигиенотехнички и работни навики за одржување на личната хигиена и хигиената на средствата за работа;
- да развива потреба за чување и облагородување на својата училница;
- да умее вербално да ја објасни својата ликовна творба;
- да се запознава со компјутерската техника за цртање и боење на површина.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да се запознае со приборот за цртање и сликање и односот помеѓу средството и подлогата за цртање и сликање;
- да се оспособи за трички стисок на моливот;
- да ја развие сензомоторната интеграција;
- да се поттикне за правилна визуелна перцепција;
- да ја развива фината и грубата моторика;
- да се оспособува да стекне ориентација на подлогата за цртање и слиакње;
- да се запознае со поважните средства за цртање и сликање (дрвени бои, темперни бои, фломастери, пастелни бои);
- да ги наоѓа и именува основните бои (црвена, жолта, сина, зелена);
- да се поттикнува да развива чувство за ритам преку печатење;
- да стекне чувство за тактилните својства на материјалите за моделирање;
- да стекне чувство за тридимензионалноста на творбите од моделирање;
- да се поттикнува да доживува пријатни чувства и задоволство при ликовните активности;
- да се оспособи за одржување на хигиената за време на ликовните активности;
- да се поттикнува самостојно да истражува за време на ликовните активности.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЧКРТАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да го препознава и именува приборот за пишување (молив - хартија); | Основни средства за цртање и нивна употреба<br><br>Чкртање | Молив<br>Хартија<br>Боица<br>Креда<br>Табла<br>Ѕид<br>Маса<br>„Цртеж” | - Набљудува и истражува: различни средства за чкртање.<br>- Набљудува и истражува: различни моливи (по боја и големина).<br>- Вежби: манипулира со различни средства за чкртање (молив, боица, креда, пенкало и др.) на различни подлоги (хартија, табла, ѕид, маса и др).<br>- Вежби: маниопулира со различни средства за чкртање на иста подлога.<br>- Самостојно чкртање со објаснување на „нацртаното” и именУвање на деталите од „нацртаното”.<br>- Самостојно чкртање на хартија. |
| - да го запознае односот меѓу подлогата (хартија, табла, бетон..) и инструментот за пишување (молив, креда..); | | | |
| - да се оспособи слободно, самостојно да чкрта на хартија; | | | |
| - да се оспособи за трочлен стисок; | Развој на функциите потребни за ликовна активност* | Трочлен стисок<br>Координација (око-рака)<br>Гледање преку „дурбин”<br>Чкрабање на ограничен простор<br>Редење<br>Нижење<br>Фрлање | - Вежби: држење молив, боица, со користење на сонда/инструмент за корекција и учење на трочлен стисок.<br>- Вежби: за координација (око-рака).<br>- Вежби: концентрирање на погледот само на еден детал |
| - да се оспособи визуелната и аудитивна перцепција на предметите и појавите во непосредната околина да ја | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „канализира” во ликовното изразување; | Усмерување на аудитивната перцепција<br>Сензомоторна интеграција<br>Визуелна перцепција<br>Просторна претстава<br>Концентрација<br>Внимание<br><br>Ориентација во подлогата за чкртаање | Кревање<br>Модел | на слика (дурбин) со покажување и именување.<br>- Чкртање на хартија на ограничен простор;<br>- Вежби: редење и нижење ситни предмети-елементи.<br>- Вежби: редење, кревање, фрлање и нижење крупни предмети-елементи.<br>- Вежби: чкртање на хартија на ограничен простор според даден модел (буква, предмет и др.). |
| - да се поттикнува сензомоторната интеграција; | | | |
| - да се поттикне за правилна визуелна перцепција; | | | |
| - да стекне претстава за простор на подлогата за чкртање; | | | |
| - да се поттикне кон зголемување на концентрацијата и вниманието при активностите; | | | |
| - да ја развива визуелната и моторната контрола; | | | |
| - да се поттикнува да ги развива грубите моторни движења на горните екстремитети: | | | |
| - да се поттикнува да ја развива визуелната и моторната координација; | | | |
| - да се оспособи правилно да се ориентира на подлогата за чкртање. | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПРЕЦРТУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се оспособи да го движи моливот по веќе нацртани линии; | Повторување (по линија) | | - Практични вежби: следење (боење) на нацртана линија со различна боја.<br>- Практични вежби: следење на линијата со и без ограничување на просторот на подлогата и околу неа.<br><br>- Имитација и испишување на различни линии во воздух според видот (крива, права, искршена). |
| - да се оспособи за одржување на правецот на линијата при цртањето; | | | |
| - да се оспособи да имитира разни видови линии; | | | |
| - да се оспособи да имитира туѓи движења при цртањето; | Прецртување<br><br>Модел<br>Контури на предмет<br>Илустрација | | - Имитација на движење со молив во воздух<br>- Прецртува различни едноставни нацртани облици.<br>- Прецртува различни облици според контурите на моделот (картон, хартија).<br>- Прецртува предмет по контурите на хартија.<br>- Набљудува и ги истражува |
| - да се оспособи да прецртува веќе нацртани облици; | | | |
| - да се оспособи да повторува по веќе нацртан облик; | | | |
| - да се оспособи да црта според контури на предмет; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособи да ја развие својата способност за претстава при ликовната активност; | | | предметите, облиците и моделите направени од различен материјал.<br>- Практични вежби: доцртува познат недовршен облик или цртеж со/без испрекината линија.<br><br>- Практично претставува модел на предмет на хартија. |
| - да се оспособи да доцртува недовршени цртежи; | | | |
| - да се оспособи да црта според модел. | | | |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЦРТАЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги заепознае и да ги именува средствата за цртање (молив, дрвени бои, пастели, фломастери); | Основни средства за цртање<br><br>Правилна употреба на средтвата за цртање | Средства за цртање<br><br>Молив<br>Дрвени бои<br>Фломастери<br>Пастели | - Набљудува и истражува: различни средства за цртање (молив, дрвени бои, фломастери, пастели..).<br>- Запознавање на основните средства за цртање.<br>- Цртање на разновидни подлоги различни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се поттикнува да ги употребува средствата за цртање;<br>- да се запознае со својствата на средствата за цртање;<br>- да се запознае со средствата за цртање од тактилен аспект;<br>- да ги препознава и именува основните бои;<br>- да се поттикне самостојно да избира бои;<br>- да се поттикнува креативно да се изразува преку цртањето;<br>- да се оспособи за прекривање на подлогата со цртеж;<br>- да ја одржува хигиената на облеката и приборот за сликање. | Цртање | Својства на средствата за цртање<br><br>Хигиенски мерки при цртање | по форма, формат големина, боја, дебелина.<br>- Вежби за тричлен стисок.<br>- Црта по свој избор со именување на основните бои.<br>- Самостојно истражува: својства на средствата за цртање (трага што ја оставаат, мирис, однесување кон различна подлога за цртање, однесување со гума за бришење).<br>- Цртање со фиксација (обележување) на местата од подлогата кои треба да се прекријат со боја.<br>- Цртање со напомена за хигиенските мерки при цртање (чист-нечист), ракави, работна облека.<br>- Боење на големи и мали затворени линии од цртежот. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: СЛИКАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги запознае и именува подлогите и сликарските материјали (хартија, водни бои, темперни бои, четка, платно, палета, вода); | Основни средства за сликање<br><br>Употреба на средствата за сликање | Сликање<br><br>Боја<br><br>Основни бои | - Набљудува и истражува: различни средства за сликање (хартија, водни бои, темперни бои, четка, платно, палета, вода).<br>- Вежби за запознавање на основните средства за сликање.<br>- вежби за сликање на разновидни подлоги (различни по форма, формат, големина, боја, дебелина и сл.).<br>- Слика по свој избор со именување на основните бои.<br>- Самостојно истражува: својства на средствата за сликање ( трага што ја оставаат, мирис, тактилитет, однесување кон различна подлога за сликање, однесување со гума за бришење..).<br>- Сликање со фиксација (обележување) на местата од подлогата кои треба да се прекријат со боја.<br>- Разлевање на боја по стакло, хартија и маса.<br>- Сликање со напомена за хигиенските мерки при цртање (чист-нечист).<br>- Боење на големи и мали затворени линии. |
| - да се поттикнува да ракува со материјали за сликање; | | Палета | |
| - да се оспособи за тричлен стисок; | | Водни бои | |
| - да се запознае со својствата на средствата за сликање; | Сликање | Површина | |
| - да се запознае со средствата за сликање од тактилен аспект; | | Разлевање | |
| - да ги препознава и именува основните бои; | | Боење | |
| - да се поттикне самостојно да избира бои; | | | |
| - да се поттикнува креативно да се изразува со боја; | | | |
| - да се поттикне за прекривање на целата подлога со боја; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја одржува хигиената на облеката и приборот за сликање. | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПЕЧАТЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се оспособува да воочи дека со кој било предмет премачкан со боја може да се направи и добие негов отпечаток; | Основни материјали за печатење | Печатење<br>Печат (шаблон)<br>Отпечаток<br>Постапки за печатење<br>Печатење со превиткување<br>Подлога<br>Печати различни по тежина | - Набљудува и истражува печат (шаблон).<br>- Набљудува: постапки за изготвување на печат.<br>- Практично учествува со едноставни задачи во изготвување на печат.<br>- Набљудува постапност при печатење (нанесување боја, отисок со одреден број „3пати”, пак нанесување боја).<br>- Самостојно спроведување на постапките за печатење.<br>- Користи најразновидни печати (шаб лони).<br>- Печати со природни материјали.<br>- Печати со сунѓери во разни форми.<br>- Печати на мазна и рапава хартија.<br>- Печати со превиткување на хартијата (Роршахова дамка).<br>- Практично: мести различни шаблони за печатење на веќе направени печати на |
| - да се поттикне самостојно да печати; | Печатење | | |
| - да се поттикне делумно да учествува во изработка на наједноставните печати (шаблони); | | | |
| - да заклучи дека со печатењето е можно повторување на истата форма (добивање речиси исти отпечатоци); | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособува самостојно да го држи печатот и прави отпечатоци; | | | хартија.<br>- Печатење со печати со модифицирање на тежината (додавање на тегови- природни). |
| - да ја регулира и контролира силата (притисок, стисок) на дланката и да развие чувство на ритмичко движење на раката. | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МОДЕЛИРАЊЕ * | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да запознае некои материјали за моделирање и обликување; | Моделирање | - Моделирање,<br>- пластелин,<br>- тесто,<br>- глина,<br>- тврдо,<br>- меко,<br>- редење,<br>- тркала,<br>- меси,<br>- реди,<br>- удира,<br>- бои. | - Набљудува и анализира различен материјал за моделирање (тесто, пластелин, глина, гипс..).<br>- Истражува тактилно и од различен аспект на сетилата.<br>- Практично: материјалот за моделирање го дели на делови, го спојува, реди (вертикално и хоризонтално).<br>- Разменува со групата додека моделира (материјал и комуникација).<br>- Прави груба и фина манипулација со материјалот за моделирање ( големи и мали топки)-ги вала, тркала, меси, удира, фрла..- Прави модели по сопствена имагинација и ги именува.<br>- Направените модели ги бои со темперни бои. |
| - да истражува материјали преку визуелните и тактилните сетила; | | | |
| - да моделира со материјали со додавање и одземање; | | | |
| - да се привикнува да работи во група; | | | |
| - да ја развива моториката; | | | |
| - да ја развива емоционалната рамнотежа; | | | |
| - да се развие чувство за асоцијација и именување; | | | |
| - да се поттикне за боење нерамна површина. | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЛИКОВНИ ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се поттикне да ги набљудува и истражува средствата и материјалите на конкретно ниво; | Ликовно истражување | - Растворливо-нерастворли-во,<br>- суво-мокро,<br>- течно-цврсто,<br>- мирис,<br>- пишува,<br>- не пишува,<br>- боја,<br>- изглед,<br>- мирис. | - Практично: црта на нестандардни подлоги (црта на снег, песок, глинена плоча, картон, дрво пластика).<br>- Практично: црта со нестандардни ликовни материјали (со чешел, стапче, четкичка за заби, крпче, четкичка за шминка, стара шминка, лак за нокти и др).<br>- Слика на различни подлоги и стекнува искуство на кои подлоги може да се слика, а на кои не.<br>- Истражува траги кои сликарските материјали ги оставаат на целофан, весникарска хартија, пластична фолија, шишиња, стара шапка, стар чадор, газа, дрво, камен, старо ЦД и др.<br>- Истражува конкретни особини (боја, изглед, тактилитет, мирис, звучност.).<br>- Набљудува однесување на: темперна боја во чиста вода, потекување на бојата по сликата, засушување на бојата на својата рака, фломастер на рака-пастел на рака). |
| - да се поттикне да ги набљудува и истражува својствата на средствата и материјалите од тактилен аспект;<br><br>- да се поттикне да го набљудува и истражува однесувањето на различните средства и материјали. | | | |
| | | | |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- ***Насоки за меѓупредметно поврзување:***

При реализацијата на предметот ликовно образование во наставата за учениците со мултихендикеп треба се постигне корелација и интегрирање со сите предмети кои се изучуваат во првото одделение, со најголем акцент врз предметите запознавање на околината и македонски јазик.

- ***Препораки за користење на годишниот фонд на часови:***

За секое предвидено подрачје е предложен определен годишен фонд на часови:

- **Чкртање – 8 часа;**
- **Прецртување – 12 часа;**
- **Цртање – 12 часа;**
- **Сликање – 12 часа;**
- **Печатење – 8 часа;**
- **Моделирање – 8 часа;**
- **Ликовни истражувачки активности – 12 часа.**

Од предвидениот вкупен фонд на часови по програмски подрачја, дозволени се отстапувања во согласност со *можноста на ученикот и динамиката на усвојување на одредени конкретни цели.*

***Методи, форми и средства на наставната работа***

За сите програмски подрачја, предвидени за предметот ликовно образование во наставата за учениците со *мултихендикеп*, се препорачува користење и нужно комбинирање на сите ***конкретни*** **интерактивни, актуелни и современи** методи, форми и дидактички и технички средства. Посебен приоритет да се стави на дефектолошките методи и приоди предвидени со начелата за третман за ученици со мултихендикеп.

- ***Индивидуален приод во наставната работа***

Во согласност со научните сознанија за разликите во развојот на децата, потребно е приспособување на наставната работа кон развојните и индивидуални потреби и достигаања на учениците. Имено, потребна е примена на техники и стратегии кои го преферираат **индивидуалниот приод** во реализацијата на наставната работа.Поради специфичноста на учениците со мултихендикеп индивидуалниот приод претставува основен пат за поттикнување на нивниот развој и усвојување на наставните содржини.

***Вклучување на родителите во наставната работа***

Семејството е претставува примарана образовно-тераписка средина на децата и најважен фактор во детскиот развој. Во тој контекст, во реализацијата на целите, содржинте и активносите од наставниот предмет ликовно образование треба да се обезбеди **кооперативна комуникација со родителите на учениците и нивно вклучување во работата на училиштето,** во функција на: практицирање и увежбување на одредени програмски содржини во домашна/семејна средина што ученикот ги стекнал во училиште, информираност на родителот за текот на развојот на неговото дете, соработка со наставникот (во организација и поттикнување на заеднички ликовни активности со редовната популација, заеднички ликовни хепенинзи, цртање во придода) и др.

- ***Наставни средства:***

- За реализација на наставната работа по предметот ликовно образовани во I одделение може да се користат:

каталози, работни тетратки, прирачници, боенки, наставни ливчиња, помошни средства за учење на држење на моливот, обоени перли и мониста, шаблони за прецртување, модели, линијари и др.

- **Извори на учење во непосредната околина**: ресурсите од окружувањето кои ќе се набљудуваат и ќе бидат предмет на ликовна активност: згради, природа, животни, растенија, сообраќајни средства и сл.
- **Енциклопедии за деца и каталози во издание на популарни и верифицирани издавачки куќи**
- **Компјутерски образовни софтвери** за развивање на ликовните и креативни способности со соодветни едукативни и креативни игри.
- **Традиционално потврдени, одобрени и верифицирани списанија за деца, соодветни на возраста.**
- **Литература за деца од познати македонски и странски детски писатели (која содржински, естетски и вредносно одговара на возраста на учениците).**
- **Аудиовизуелни средства:** анимирани филмови за деца како мотив за цртање, видеокасети, ДВД и ЦД-дискови со анимирани ликови и предмети; цртани шаблони, модели, боенки и други предмети во зависност од потребите на планираните активности.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување во функција на квалитетното планирање и реалзирање на идните активности.Исто така, во текот на учебната година наставникот врши евалуација на наставниот процес, ефикасноста на наставата, развојот на учениците и нивото на постигања.

- ***ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Во текот на наставата по ликовно образование во првото одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- Собирање на показатели (детски изработки, творби, тетратки, цртежи, модели, снимени материјали со презентација на текот и начинот на изработка и однесување на ученикот и сл.) за секој ученик посебно.
- Инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно. Во нив, наставникот внесува **податоци за постигањата и однесувањето на ученикот во однос на сите развојни аспекти** (когнитивно-интелектуален, социоемоционален, социјален и психомоторички аспект).

- ***МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

*Врз основа на сознанијата од формативното следење се реализира микросумативното оценување кое се претставува со* ***микросумативен извештај/ оценка за ученикот****.*

***СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување, наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик во рамките на секое програмско подрачје.

***ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО***

- Портфолиото во текот на целата година треба да им е достапно на родителите за да може и тие да придонесат во квалитетната реализација на наставата по ликовно образование.
- Завршната аналитичко-описна оцена се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

***НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во согласност со природата на програмата по предметот ликовно обазование во првото одделение за ученици со мултихендикеп, во која основен акцент се става на поттикнување и развивање на психомоторниот, емоционалниот и социјалниот развој; поттикнувањето и развојот на креативноста, графомоториката, координацијата око-рака, манипулацијата со бои и материјали; претставата и свеста за квалитативниот аспект на предметите и работите од окружувањето и секојдневието, *проверувањето и оценувањето се врши*: практично, со помош на практично извршување на одредени задачи, преку автентичноста и оригиналноста на творбите, периодично следење и споредување на нивниот квалитет и однесување при ликовна активност со контролен термин и др.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор и за наставните средства за I одделение донесен од министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР:

Воспитно – образовната работа за прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. О6. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

- Марија Симонова, советник за посебни потреби, Биро за развој на образованието - Скопје
- Самир Грбле, дефектолог, ОУ „Кемал Ататурк”- Гостивар

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***ликовно образование*** за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп ја донесе

Перо Стојановски,
министер за образование и наука

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1959/Г
02. 10 2008 год.
СКОПЈЕ

Скопје